2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 20 – 11277/1 | Претседател на Владата |
| 24 ноември 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев, с.р.** |

**3781.**

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 24 ноември 2020 година донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. За генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија се именува Мухамед Зеќири.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 20 – 11278/1 | Претседател на Владата |
| 24 ноември 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев, с.р.** |

# АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

**3782.**

Врз основа на член 158-б став (1) точка 4) и член 158-ѕ точка (1) а во врска со член 154 став (21) од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр.27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 08/08, 88/08, 56/09, 67/10, 44/11, 88/13, 43/14, 12/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/2018 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.101/19 и 31/20), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 17.11.2020 донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ ПОТРЕБЕН ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА РАБОТА КАКО ОВЛАСТЕН АКТУАР**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се пропишува начинот и постапката на спроведување на стручен испит потребен за добивање на дозвола за работа како овластен актуар (во натамошниот текст: стручен испит) од Агенцијата за супервизија на осигурување (во натамошниот текст: Агенција).

## II. НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ

Член 2

(1) Наставната програма за спроведување на Стручниот испит се состои од следните предмети:

1. Веројатност и статистика;
2. Финансиска математика;
3. Стохастичко моделирање;
4. Економија;
5. Модели на доживување;
6. Актуарска математика I;
7. Актуарска математика II;
8. Управување со инвестиции и средства;
9. Осигурување на живот;
10. Неживотно осигурување;
11. Социјално и пензиско осигурување;
12. Здравствено осигурување;
13. Сметководство во осигурувањето;
14. Регулатива од областа на осигурувањето; и
15. Професионализам и етика.

(2) Деталната содржина, фондот на часови, прописите и литературата за секој од предметите во рамки на Наставната програма од став (1) на овој член ја утврдува Советот на експерти на Агенцијата и истата се објавува на веб страницата на Агенцијата.

## III. ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ

Член 4

(1) Постапката за спроведување на Стручниот испит се состои од:

1. спроведување на обука за предметите од Наставната програма,
2. спроведување на испити по предметите од Наставната програма, и
3. оценување и објавување на резултатите од испитите по предметите од Наставната програма.

(2) Стручниот испит се спроведува врз основа на констатирана потреба од страна на Агенцијата.

(3) За констатирање на потреба за спроведување на стручен испит, Агенцијата најмалку еднаш на две години, на својата веб станица објавува соопштение со кое ги повикува заинтересираните лица да го пријават својот интерес за учество на обука и полагање на стручен испит за актуар.

### III.1. ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКАТА

**Предавачи (едукатори)**

Член 5

(1) Обуката за предметите од Наставната програма ја спроведуваат предавачи (едукатори) ангажирани од Агенцијата.

(2) За едукатор може да биде ангажирано лице кое има завршено трет циклус – докторски студии од соодветната област за која спроведува предавање и/или лице кое е признат стручњак од праксата, од земјата и од странство и кое има работно искуство од најмалку десет години од соодветната област за која спроведува предавање.

(3) Изборот на предавачи (едукатори) го врши Агенцијата врз основа на критериуми утврдени од страна на Советот на експерти на Агенцијата.

(4) Списокот на избрани предавачи (едукатори) се објавува на веб страницата на Агенцијата.

(5) Предавачите (едукаторите) имаат обврска да реализираат обука (предавање) по предметот за кој се избрани од страна на Агенцијата согласно Наставната програма за полагање на стручниот испит.

(6) Предавачите (едукаторите) имаат обврска да реализираат обука (предавање) според Распоред утврден од страна на Агенцијата.

(7) Предавачите (едукаторите) имаат обврска да изготват испитни прашања и да извршат оценување на испитните материјали.

(8) Предавачите (едукаторите) имаат право на паричен надоместок кој го утврдува Советот на експерти на Агенцијата. Износот на паричниот надоместок кој се исплатува за еден едукатор не смее да го надминува износот на пет просечни плати исплатени во Република Северна Македонија во претходната година објавено од Државниот завод за статистика.

**Услови за учество на обука и полагање на стручен испит**

Член 6

Право на учество на обука и полагање на стручен испит има лице кое има завршено четиригодишно високо образование VII/1 или кое студирал според Болоњската декларација и има 240 кредити според европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС).

**Оглас за организирање на обука и полагање на стручен испит**

Член 7

(1) Агенцијата со оглас во дневен печат и на својата веб страна ги известува заинтересираните кандидати за организирање на обука и стручен испит како и за времето и местото на одржување на обуката и стручниот испит.

(2) Обуката и стручниот испит ќе се спроведе доколку на огласот се пријават минимум пет кандидати.

**Надомест за учество на обука и полагање на стручен испит**

Член 8

(1) За посетување на обуката и полагање на стручниот испит, кандидатите плаќаат надомест во висина на реалните трошоци за спроведување на обуката и испитот.

(2) Висината на надоместот за посетување на обуката и полагање на стручниот испит е утврдена во Тарифникот на Агенцијата.

**Пријава за учество на обука и полагање на стручен испит**

Член 9

(1) Врз основа на објавен оглас од страна на Агенцијата, за посетување на обуката и полагање на стручниот испит заинтересираните кандидати до Агенцијата поднесуваат пријава за учество на обука и полагање на стручен испит на образец Пријава дадена во Прилог 1 од овој правилник.

(2) Кон пријавата од став (1) на овој член, заинтересираните кандидати се должни да достават:

1. Диплома/Уверение за завршено високо образование (во оригинал, или заверено од нотар);

2. Лична карта (пасош – за странски државјани) - на увид и

3. Доказ за платен надомест за учество на обуката и полагање на испитите.

(3) Доколку кандидатот школувањето го завршил во странство потребно е кон пријавата да достави Диплома/Уверение за завршено високо образование издадена од образовна институција акредитирана во странство заедно со документ за признавање на странската универзитетска квалификација издадена од страна на надлежна институција во Република Северна Македонија.

(4) Доколку личното име и презиме на лицето на документот од став (2) точка 1 не е идентично со личното име и презиме на лицето наведено во документот од став (2) точка 2, потребно е кон пријавата лицето да приложи и извод од матична книга на венчани односно решение за промена на личното име односно презиме.

(5) На кандидатите кои ги исполнуваат условите за учество на обука и полагање на стручен испит, Агенцијата им издава решение за исполнување на условите за учество на обука и полагање на стручен испит.

**Спроведување на обука и полагање на стручен испит**

Член 10

(1) Обуката за предметите од Наставната програма се спроведува согласно Распоред на предавања утврден од страна на Агенцијата.

(2) Обуката може да се спроведе со физичко присуство на предавачите (едукатори) и кандидатите или он-лајн со користење на соодветна платформа.

(3) Начинот на спроведување на обуката согласно став (2) од овој член пред почетокот на обуката го утврдува Агенцијата и за истиот ги информира кандидатите во огласот за спроведување на обуката и стручниот испит.

## III.2. ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСПИТИТЕ

**Комисија за спроведување на Стручниот испит**

Член 11

(1) Стручниот испит го спроведува Комисија за спроведување на Стручниот испит (во натамошниот текст: Комисија), којашто ја формира Советот на експерти на Агенцијата.

(2) Комисијата се состои од 5 (пет) члена од кои се избира: претседател, заменик претседател и секретар на Комисијата.

(3) За член на Комисијата може да биде избрано лице од редот на вработените административни службеници во Агенцијата.

(4) Комисијата по нејзиното формирање донесува Деловник со кој се пропишува начинот на работа на Комисијата.

(5) Комисијата е должна при спроведувањето на Стручниот испит да гарантира за доверливост на информациите.

(6) Членовите на Комисијата за својата работа имаат право на паричен надомест кој го утврдува Советот на експерти на Агенцијата.

**Упатство за спроведување на испитите**

Член 12

(1) Испитите по предметите од Наставната програма се полагаат писмено.

(2) Постапката за спроведување на испитите по предметите од Наставната програма како и останати стручно-технички прашања поврзани со испитите и работата на Комисијата, детално се пропишуваат со Упатство кое на предлог на Комисијата го донесува Советот на експерти на Агенцијата.

## III.3. ПОСТАПКА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИ ОД ИСПИТИТЕ

**Оценување на кандидатите**

Член 13

(1) Предавачот (едукаторот) од соодветната област, за секој кандидат, го бодува постигнатиот успех по спроведениот испит.

(2) Кандидатот успешно го положил спроведениот испит доколку остварил најмалку 70% од можните бодови на испитот.

(3) Комисијата, за секој кандидат, и за секој предмет поединечно, го оценува описно постигнатиот успех за секој спроведен испит, и тоа со: „Положил“ , односно „Не положил“.

(4) Кандидатот кој не го положил успешно испитот од некој предмет, може само еднаш да го повтори полагањето на испитот по истиот предмет.

(5) Кандидатот кој два пати едноподруго не го положил испитот од еден предмет, го губи правото да ги полага преостанатите испити, но успешно положените испити му се признаваат при следно спроведување на Стручниот испит.

(6) За положените испити од ставот (5) на овој член, Агенцијата на предлог на Комисијата му издава потврда на кандидатот.

**Објавување на резултати и приговор до Агенцијата**

Член 14

(1) Агенцијата на својата веб страна, за секој спроведен испит, ќе објави листа на кандидати кои го положиле испитот.

(2) Кандидатот кој не го положил испитот, како и кандидатот кој смета дека одговорите не му се соодветно бодувани, може да изврши увид во својот испит и да испрати писмена забелешка (приговор) до Агенцијата во рок од 3 (три) дена од денот на објавување на листата на кандидати согласно став (1) на овој член.

(3) Доставените писмени забелешки (приговори) ги решава Комисијата најдоцна во рок од 7 (седум) дена од денот на прием на забелешките (приговорот) по што за донесената одлука го известува кандидатот кој ја доставил забелешката

(4) По завршување на секој од испитите по предметите од Наставната програма, Комисијата составува Записник кој содржи:

1. Назив на предметот и траење на обуката;
2. Датум и место на одржување на испитот;
3. Име и презиме на кандидатите кои го полагале испитот со постигнат резултат за секој кандидат; и
4. Датум на составување на записникот и потпис на претседателот и членовите на Комисијата.

(5) Комисијата го усвојува Записникот од став (4) на овој член во рок од 15 дена од денот на истек на рокот за поднесување на забелешки (приговор) утврден во став (2) на овој член.

(9) На предлог на Комисијата, Агенцијата на својата веб страна објавува официјална листа на кандидати кои го положиле испитот.

Член 15

Стручниот испит се смета за положен доколку кандидатот успешно ги положил испитите по сите предмети од Наставната програма.

**Уверение за положен Стручен испит**

Член 16

(1) Врз основа на Извештај на Комисијата, Агенцијата издава Уверение за положен стручен испит потребен за работа како овластен актуар на кандидатот кој успешно го положил стручниот испит во смисла на член 15 од овој правилник, во рок од 30 дена од денот кога е утврдено дека стручниот испит е положен.

(2) Уверението за положен стручен испит потребен за работа како овластен актуар содржи:

1. Полно име и презиме на кандидатот;
2. Година и место на раѓање на кандидатот;
3. Датумот на полагање на стручниот испит;
4. Број и датум на издавање на Уверението за положен стручен испит потребен за работа како овластен актуар;
5. Име, презиме и потпис на Претседателот на Комисијата и
6. Име, презиме и потпис на Претседателот на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување.

(3) Формата и содржината на Уверението за положен стручен испит потребен за работа како овластен актуар, испечатено на македонски јазик и неговото кирилско писмо, е пропишана со посебен Образец: “Уверение за положен стручен испит потребен за добивање дозвола за овластен актуар” кој е даден во Прилог 2 од овој правилник и е негов составен дел.

(4) Агенцијата води евиденција за кандидатите кои успешно го положиле Стручниот испит.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 17

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Со денот на влегување со сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот и постапката за спроведување на стручен испит за актуар (“Службен весник на Република Македонија” бр. 143/2014).

Бр. 01-734/1
17 ноември 2020 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
**Крсте Шајноски**, с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk

**ПРИЛОГ 1 – Образец Пријава актуар**

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

## ПРИЈАВА[1]

## ЗА УЧЕСТВО НА ОБУКА И ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ ПОТРЕБЕН ЗА РАБОТА КАКО ОВЛАСТЕН АКТУАР

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Име и презиме** | |
| 2. | **Датум и место на раѓање (од лична карта)** | |
| 3. | **Адреса на живеење (од лична карта)** | |
| 4. | **Татково име** | |
| 5. | **Контакт телефон (мобилен)** | |
| 6. | **Адреса на електронска пошта (е-маил) на која лицето се согласува да биде контактиран во врска со пријавата** | |

Се пријавувам за учество на обука и полагање на стручен испит потребен за работа како овластен актуар. Кон пријавата ја приложувам документацијата согласно членот 9 став (2) од Правилникот за начинот и постапката на спроведување на стручниот испит потребен за добивање на дозвола за работа како овластен актуар и тоа *(се заокружува односно означува доколку се пополнуво електронски):*

| | |
|---|---|
| 1. | Документ за лична идентификација – на увид[2] |
| 2. | Диплома или Уверение за завршено високо образование издадена/о од образовна институција акредитирана во Република Северна Македонија (во оригинал, или заверено од нотар)[3] |

[1] Се препорачува Пријавата да се пополнува електронски. Електронска верзија на Пријавата може да се најде на официјалната интернет-страница на Агенцијата за супервизија на осигурување www.aso.mk. Доколку Пријавата не се пополнува електронски, задолжително треба да се користи пенкало и да се пишува со големи букви.

[2] Доколку личното име и презиме на лицето на документот за лична идентификација не е идентично со личното име и презиме на лицето наведено во документот од точка 2, лицето е должно да приложи и Извод од матична книга на венчани односно Решение за промена на личното име односно презиме.

[3] Доколку кандидатот школувањето го завршил во странство потребно е кон пријавата да достави Диплома/Уверение за завршено високо образование издадена од образовна институција акредитирана во странство заедно со документ за признавање на странската универзитетска квалификација издадена од страна на надлежна институција во Република Северна Македонија.

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија бб,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

**ИЗЈАВА НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА ПРИЈАВАТА**

Со поднесување на оваа пријава изјавувам дека податоците и информациите што ги содржи оваа пријва, како и целата документација која ја доставувам кон пријавата, се точни и не содржат фалсификувани податоци и документи а во случај на промена на податоците содржани во оваа пријава, како и во документацијата доставена во прилог кон оваа пријава, во рок од 3 работни дена од настанувањето на промената ќе ја известам Агенцијата.

Се согласувам моите лични податоци содржани во оваа пријава да се користат за целите на полагање на стручен испит потребен за работа како овластен актуар согласно Законот за супервизија на осигурување.

**Датум и место на поднесување** **Потпис на подносителот на пријавата**

____.______20____ година ______________________________

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

**ПРИЛОГ 2- Образец Уверение за положен стручен испит потребен за работа како овластен актуар**

**Република Северна Македонија**
**АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ**

# УВЕРЕНИЕ
## за положен стручен испит потребен за работа како овластен актуар

Лицето

______________________________________________
(Име, презиме, датум и година на раѓање)

на ______________година го положи стручниот испит потребен за работа како овластен актуар.

**Број УП____________**
**____________ година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ НА ЕКСПЕРТИ**
**м.п.**